КИНОТЕКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KINOTEKA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
CINEMATHEQUE OF REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

www.kinoteka.mk

MEMBER OF FIAF

Ул. Никола Русински бр.1 п.фах 16, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел: +389 2/ 3071-814, 3071-815, факс: + 389 2/ 3071-813

Rr. Nikolla Rusinski nr. 1 p.faks 16, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, faks: +389 2/ 3071-813

Nikola Rusinski 1 P.O.box 16, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
tel: +389 2/ 3071-814, 3071-815, fax: + 389 2/ 3071-813

Бр. 02-911/1
4.12.2025

Врз основа на член 34 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на Република Македонија бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и Сл.весник на Република Северна Македонија, бр.143/2019 и 14/2020) а согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на Република Македонија, бр.101/19), се донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за овластување на службени лица за посредување со информации од јавен карактер**

1. Се овластуваат следните лица за посредување со информации од јавен карактер:

- Фјола Зеќири Идризи, на работно место соработник за човечки ресурси.
- Дамјана Патчева, на работно место филмолог.

2. Службеното лице е должно да ја води и комплетира постапката по примените барања за пристап до информации од јавен карактер во рок и начин согласно одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што:

- контактира и ги дава потребните информации и му помага на барателот на информации, за што води посебна евиденција за примањето на барање за информации, чување и давање на информацииите;

- во соработка со останатите вработени спроведува тест на штетност како задолжителна постапка пред да одбие пристап до бараната информација, согласно член 6 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а со која ги проверува последиците врз интересот кој се заштитува, односно јавниот интерес што би се постигнал со објавување на информацијата или со кој ќе се утврди дека со објавувањето на таквата информација последиците врз интересот кој се заштитува се помали од јавниот интерес утврден со закон што би се постигнал со објавување на информацијата;

- носи решение за отфрлање на барање кое не е дополнето согласно член 17 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и

- носи решение со кое позитивно одговара на барањето или барањето делумно или целосно го одбива, согласно член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

3. Службеното лице е должно редовно да ја води и ажурира листата на информации со кои располага имателот на информации и истата да ја објави на соодветен начин, достапен на јавноста (интернет страница, огласна табла и друго).

4. Службеното лице подготвува Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот задолжително го доставува до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година и превзема неопходни дејствија за објавување на истиот на веб страницата на Националната установа Кинотека на Република Северна Македонија.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Директор

Бошко Грујоски

Доставено до:

- Именуваното лице
- Архива
- Персонално досие